# УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА: ИНФОРМАЦИИ НАМЕНЕТИ ЗА КОРИСНИКОТ

**ХИГИА 1% шампон**
120 g Перметрин

**Пред да започнете со земање на лекот, внимателно прочитајте го упатството за употреба:**

Овој лек се издава во аптека без рецепт. Сепак за да добиете ефикасни резултати од третманот, треба внимателно да ги следите инструкциите за употреба на овој медицински производ.

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба повторно да го прочитате.
- За дополнителни информации обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.
- Овој лек е наменет за Вас. Не смее да се дава на други лица. Може да им наштети, дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Доколку некое од несаканите дејства сериозно се влоши или забележите несакано дејство кое не е наведено во упатството, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.

**Ова упатство содржи:**

1. Што претставува Хигиа и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Хигиа
3. Како да употребувате Хигиа
4. Можни несакани дејства
5. Како се чува Хигиа
6. Дополнителни информации

**Носител на одобрение за ставање во промет:**
Македонијалек дооел, ул. Боца Иванова бр.1, Скопје, 02/2603-687

**Производител:**
MEDICA AD, boul"Knyaz Al. Dondukov" 82, 1504 Софија, Бугарија

**Начин на издавање**: Лекот се издава во аптека без лекарски рецепт (БР).

**Број на решение и датум на ставање во промет:**

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ХИГИА И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Хигиа е медицински шампон со инсектицидна активност против вошки на глава, срамни вошки и гниди. Во повеќето случаи доволно е еден тртман за да ги отстраните вошките (кај 97-99% од случаите). Доколку е потребно вториот третман се повторува после 7 до 10 дена од првиот третман.

Хигиа се употребува за третман на срамни вошки и вошки на глава.

ХИГИА шампонот се применува кај возрасни и деца над 5 години.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ ХИГИА

**Немојте да употребувате Хигиа:**

- ако сте пречувствителни (алергични) на активната супстанција и/или на било која од другите состојки

**Бидете особено внимателни кога употребувате Хигиа**
Хигиа медицинскиот шампон е наменет само за надворешна употреба и треба да се чува подалеку од дофат на деца.

Се препорачува внимателна употреба кај лица кои се алергични на лекови и козметика.

Доколку Хигиа шампонот дојде во контакт со очи, треба веднаш да се измие со обилно количесто на вода.

**Употреба со други лекови**
Не се познати интеракции со други лекови и/или други форми на интеракции.

**Употреба на Хигиа при бременост и доење**
*Обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт за совет пред употреба на било каков лек.*

Не постојат податоци за употребата на Хигиа шампон за време на бременост, но лимитираните податоци од употребата на инсектициди кои содржат перметрин покажуваат дека нема податоци за ризикот врз фетусот.

Не е познато дали перметринот се екскретира во мајчиното млеко. При третман со Хигиа многу мала количина може да се абсорбира во системската циркулација, па теоретски само многу мал процент на перметрин може да се екскретира во мајчиното млеко. Мала е веројатноста дека концентрациите на перметрин во млекото ќе претставуваат ризик за новороденчето.

**Влијание на Хигиа врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини:**
Нема ограничувања после употребата на Хигиа шампон на способноста за возење и употреба на машини.

## 3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА ХИГИА

Секогаш употребувајте го лекот Хигиа според информациите во Упатството за употреба.

Протресете го шишето и нанесете 15-20 ml на Хигиа медицински шампон на претходно навлажнета коса или на влакнестите делови на телото, кој што целосно се втрива во корените на влакната до формирање на многу пена.

Особено внимавајте во делот околу ушите и задниот дел од вратот. Нанесениот шампон се остава да стои 10 -15 минути, по што косата се измива со големо количество на вода. Косата се расчешлува со чешелот со густи запци кој е даден во пакувањето за да се отстранат мртвите гниди.

Доколку е потребно вториот третман се повторува после 7 до 10 дена, но не повеќе од два пати во месецот.

ХИГИА шампонот се применува кај возрасни и деца над 5 години.

**Ако сте употребиле поголема доза од Хигиа отколку што е потребно или проголтате дел од производот**
Не се пријавени случаи на предозирање со Хигиа или појава на некои симптоми, Врз основа на истражувањата кај животни и кај доброволци, невозможно е да се достигне концентрацијата на перметрин која ќе даде токсични ефекти, дури и во случај на погрешна или претерана употреба. Најчести знаци и симптоми се реакции на пречувствителност.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ

Како и сите лекови, Хигиа може да предизвика несакани ефекти, иако не мора да се јават кај сите пациенти.

Хигиа добро се поднесува. Во ретки случаи може да предизвика црвенило на кожата, иритација опишана како печење и многу ретко осип. Во вакви случаи се препорачува шампонот веднаш да се измие.

Ако било кој од овие ефекти стане сериозен или ако забележите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

## 5. КАКО СЕ ЧУВА ХИГИА

Лекот да се чува подалеку од дофат на деца.

Да се чува на темно место, на температура под 25°C, подалеку од храна и течности.

Да не се употребува Хигиа по истекот на рокот означен на пакувањето.

Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Хигиа**
Активна супстанција: Перметрин 1%

Други помошни супстанции: кокамидо-пропил-бетаин, натриум лаурил етокси сулфат, ПЕГ-18 глицерил олеат / кокоат, бензил алкохол, метилхлоризотиазолинон, метилизотиазолинон, кокамид ДЕА, полисорбат 80, динатриум едетат, монохидрат на лимонска киселина, натриум хлорид, арома кајсија / нане, темно жолта боја (Е 110), прочистена вода.

**Содржина на пакувањето**
Полиетиленски шишиња со полипропиленско капаче. Секундарното пакување е картонска кутија со внатрешно упатство.

**Датум на последна ревизија на текстот на ова упатство:**
Февруари 2015